

бандеска Оливера

## визуелни стимулации

На својата прва самостојна изложба Оливера Бандеска се претставува со серија слики од мал формат, работени во пастел, кои композициски и тематски се поврзани во една целина наречена “Визуелни стимулации”. Од самиот наслов на изложбата треба да се бара клучот за разбирање на нејзиниот начин на работа и ефектите што произлегуваат од него. Појдовна точка за создавање на овој опус е една свесно одбрана можност својата ликовна концепција да ја изрази со јазикот на геометриската апстракција што го воспоставиле нејзините славни претходници, кои речиси цел век имаат свои следбеници. Малевич, пред се како творец на супрематизмот, теоријата на “чиста безпредметност” според која сликата може да постои сосема независно од секое подражавање на надворешниот свет. Мондријан, кој ја создава теоријата за новото обликување на форми во рамките на строго геометриско-конструктивен систем, неопластицизам, како и искуствата на поборниците на оптичката уметност (оп-арт), кои придонесоа за создавање на новата уметност на визуелната илузија, особено Вазарели со своите теории на перцепцијата. Изложбата на Бандеска делува како свесно разработен концепт каде што се поаѓа од готови формални решенија за да се постави акцентот на дејство што го сочинуваат нивните меѓусебни односи. Основата од која го развива однапред зададениот проблем претставува, пред се, однос на црната и белата боја, чиј контраст е истакнат со помошна црна маргина. Таа е составен дел од сликата и својата естетска функција ја постигнува со аплицирање на бел ѕид, кој активно учествува во дообликувањето на делото.Така и самата поставка на изложбата е третирана како единствена композиција, составена од повеќе мали затворени целини, кои ритмички се раздвижени преку чисто ликовните односи: хоризонтални и вертикални линии; контраст на црно и бело; варијации на пропорциите големо-мало; длабочина; напред-назад; постигнување на предниот план со примена на топлите и на задниот план преку ладни бои. Сите овие постапки се во функција на динамизирањето на композицијата во создавање на илузија на движење, кое е стимулирано со примена на едноставен и прогресивен ритам. Овие елементи, вклучувајќи го содејството на бојата и текстурата, создаваат пулсирачки ефект, една оптичка сензација, чие дооформирање се одвива во нашето око.



Зорица Лојпур Богдановски



Бандеска Оливера
родена на 12 мај 1978год. во Скопје.
Дипломирала 2003 год.
на Факултетот за Ликовни Уметности, Скопје,
во класата на проф. Душан Перчинков.
Живее и работи во Скопје.

ул.,,Пеклјане 2" 10
1000 Скопје
тел.++389(0)2 2037 028
e-mail:bandeska_oli@yahoo.com



Bandeska Olivera
born on 12th may 1978 in Skopje.
Graduated at the Faculty of Fine Arts in Skopje,
in the year 2003, at the Department of painting in the
class of prof. Dusan Percinkov.
She lives and works in Skopje.

„Pekljane 2" 10
1000 Skopje
tel.++389(0)2 2037 028
e-mail:bandeska_oli@yahoo.com





на мојот татко...
to my father...



## visual stimulations

In her first solo exhibition Olivera Bandeska presents series of paintings of small-format, painted in pastel, that are by composition and theme connected to a whole, so called ,,Visual Stimulation". From the very headline of the exibit we should find the clue for understanding it's way of work and the effects that resulted from it. A starting point for creating this opus is a concisely chosen possibility to express her artistic conception trough the language of geometric abstraction established by her famous predecessors who have their followers for almost a century now. Such as Malevich, a creator of suprematism, pure non-objective theory, according to which a painting can exist totally independent from any support from the outside world. Mondrian, also, developed the theory of new shaping of forms in the framework of strict geometric-constructive system ,neo-plasticism, as the experiences of the supporters for optical arts (op-art) who contributed in the creation in the new art of visual illusion, especially Vasarely with his theories of the perception. Bandeska's exhibit is a consciously developed concept, which start from final formal solutions to place the accent on the actions that create their mutual relationship. The base, which the given problem develops, represents the relations between the black and the white color, whose contrast is expressed with assistance from a black margin. It is an intricate part of the painting and it fulfills its esthetic function by applying the white wall, which actively participates in finalizing the shape of the work. The very arrangement of the exhibit is considered as a unique composition, created from numerous small closed wholes, which are ritmically represented trough clear visual relationships: horizontal and vertical lines; contrast of black and white; variations of proportional big-small, depth, forward-backward; creating the frontal plan with applying warm and the background with using cold colors. All of these actions function towards dimensioning the composition to create an illusion of movement, stimulated with the use of an simple and progressive rhythm. These elements, including the interaction of colors and textures, create a pulsating effect, an optical sensation, whose final form is created in our eyes.



Zorica Lojpur Bogdanovski



Младински културен центар,
кеј „Димитар Влахов"б.б.1000 Скопје
тел.++389(0)2 3115 508
Уредник: Зорица Лојпур Богдановска
Дизајн: Оливера Бандеска
Изложбата е реализирана со подршка на
Министерство за култура на РМ
Подготовка и печат ЈОФИ-СКЕН Скопје

Галерија Февруари - Март 2004 год.